РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 88 56; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

*СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ*
**Бр.28-3/605/13 од 16.12.2024 година**
С к о п ј е

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 97 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр.124/15 и 65/18), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за исправка на грешка**

1. Во Одлуката за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, бр.28-3/605/5 од 04.11.2024 година, се врши исправка на техничка грешка, и тоа: Во текстот на одлуката, зборовите **"Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје"** се заменуваат со зборовите **"Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје"**.

2. Оваа исправка има соодветно правно дејство и врз сета останатата документација произлезена согласно закон, а врз основа на одлуката предмет на исправка со ова решение, односно:

1. Јавен повик за организирање на Јавна презентација и јавна анкета, бр.28-3/605/6 од 04.11.2024 година;
2. Соопштение бр.28-3/605/7 од 04.11.2024 година;
3. Решение за формирање на стручна комисија за изготвување на Извештај од спроведена јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, бр.28-3/605/8 од 04.11.2024 година;
4. Писмено известување бр.28-3/605/9 од 04.11.2024 година;
5. Доставување на комплетна документација за спроведување на Јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје , бр.28-3/605/10 од 04.11.2024 година;
6. Анкетен лист; и
7. Во објава на Јавен повик за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 03 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, на веб страната на www.opstinagzibaba.gov.mk и во делот на огласи во е-урбанизам.

3. Останатите дел од текстот на одлуката предмет на исправка со ова решение и наведената документација од точка 2 на ова решение, останува непроменет.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 05 55; факс +389 (02) 321 51 12; http://www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

4. Ова решение за исправка има правно дејство од денот од кој има правно дејство одлуката предмет на исправка со ова решение, како и соодветно правно дејство и врз наведената документација од точка 2 на ова решение, произлезена согласно закон, а врз основа на одлуката предмет на исправка со ова решение.

5. Ова решение за исправка се приклучува кон одлуката предмет на исправка со ова решение, како нејзин составен дел, како и кон наведената документација од точка 2 на ова решение, како нејзин составен дел.

## Образложение

Согласно член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/2015 и 65/18) е пропишано дека јавниот орган што го издал управниот акт во секое време може да ги исправи грешките во имиња или броеви, пишувањето или сметањето и за исправката се издава посебен управен акт кој има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправка.

Поради погоре наведеното, а согласно член 97 од Законот за општата управна постапка, овој орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
Бобан Стефковски

изготвил: Катерина Велков

одобрил: Александар Јанковски